Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0201-1192
14.12. 20 18 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од 3-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС

х.Александар Палас, Скопје, 14 декември, 2018 г.

# ЗАПИСНИК

од 3-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
14 декември, 2018 г., х.Александар Палас

**Присуство:**

Петре Шилегов - **Град Скопје**, Златко Марин - општина **Аеродром**, Велимир Смилевски - општина **Бутел**, Борис Георгиевски - општина **Гази Баба**, Александар Наумоски - општина **Ѓорче Петров**, Стефан Богоев- општина **Карпош**, Филип Темелковски - општина **Кисела Вода**, Саша Богдановиќ - општина **Центар**, Курто Дудуш - општина **Шуто Оризари**, Миликије Халими - општина **Арачиново**, Звонко Пекевски - општина **Берово**, Наташа Петровска - општина **Битола**, Блаже Шапов - општина **Богданци**, Зоран Зимбаков - општина **Босилово**, Енвер Пајазити - општина **Брвеница**, Перо Костадинов - општина **Валандово**, Марјан Јанев - општина **Василево**, Сашо Јанкоски - општина **Вевчани**, Аце Коцевски - општина **Велес**, Ивица Димитров - општина **Виница**, Исен Шабани - општина **Врапчиште**, Арбен Таравари - општина **Гостивар**, Зоран Ногачески - општина **Дебрца**, Горан Трајковски - општина **Делчево**, Лазар Петров - општина **Демир Капија**, Марјанче Стојановски - општина **Демир Хисар**, Анго Ангов - општина **Дојран**, Бљерим Сејди - општина **Желино**, Борче Гиевски - општина **Зелениково**, Жика Стојановски - општина **Илинден**, Дарко Блажески - општина **Јегуновце**, Јордан Насев - општина **Карбинци**, Благој Илиев - општина **Конче**, Николчо Илијев - општина **Кочани**, Љупчо Бојаџиев - општина **Кратово**, Борјанчо Мицевски - општина **Крива Паланка**, Рубинчо Шефтероски - општина **Кривогаштани**, Томе Христоски - општина **Крушево**, Максим Димитриевски - општина **Куманово**, Еркан Арифи - општина **Липково**, Ацо Велковски - општина **Лозово**, Медат Куртовски - општина **Маврово-Ростуша**, Соња Стаменкова - општина **Македонска Каменица**, Живко Силјановски - општина **Македонски Брод**, Јасмина Гулевска- општина **Могила**, Тони Делков - општина **Неготино**, Љубе Кузмановски - општина **Новаци**, Јован Стојаноски - општина **Охрид**, Драган Тренчовски - општина **Пехчево**, Исмаил Јахоски - општина **Пласница**, Илија Јованоски - општина **Прилеп**, Драган Анастасов - општина **Пробиштип**, Герасим Конзулов - општина **Радовиш**, Ивица Тошевски- општина **Ранковце**, Живко Гошаревски - општина **Ресен**, Бранко Јанев - општина **Росоман**, Сашо Велковски - општина **Свети Николе**, Стефче Трпковски-општина **Сопиште**, Жаклина Јовановска-општина **Старо Нагоричане**, Коста Јаневски - општина **Струмица**, Азем Садики - општина **Студеничани**, Исен Асани - општина **Теарце**, Теута Арифи - општина **Тетово**, Аријан Ибраим - општина **Центар Жупа**, Горан Стојановски - општина **Чашка**, Горанчо Крстев - општина **Чешиново Облешево**, Благој Бочварски - општина **Штип.**

*Комитет на совети:* Љубица Јанчева - **Град Скопје**, Томе Солевски – општина **Кочани**, Коле Чаракчиев – општина **Радовиш**, Изабела Павловска- општина **Крива Паланка**, Никола Станковски - општина **Ресен**, Ристо Сакалиев - општина **Кавадарци**.

**Работен дел:**

Присутните делегати го усвоија и расправаа по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Обраќање на г. Петре Шилегов, Претседател на ЗЕЛС;**
2. **Усвојување на Акционен план и Предлог Финансиски план на ЗЕЛС за 2019г;**
3. **Отворена дискусија – Разно.**

**ПРВА ТОЧКА : Обраќање на г. Петре Шилегов, Претседател на ЗЕЛС;**

Претседателот на ЗЕЛС, г. Петре Шилегов на почетокот на своето обраќање ги поздрави присутните делгати и истакна задоволство од средбата со Претседателот на Владата на Република Македонија и дел од министрите, која непосредно се одржа пред седницата на Генералното собрание на ЗЕЛС и на која беа изнесени голем дел од предизвиците со кои се соочува локалната власт при спроведување на надлежностите, како и предлози за нивно надминување, а кои во рамки на Управниот одбор на ЗЕЛС сериозно се разгледувани и дискутирани. Посочи дека е позитивно што Владата на Република Македонија ја стави децентрализацијата како еден од поважните приоритети и презема одредени активности во таа насока, но сепак недоволно бидејќи локалната власт во изминатиот период се наоѓа во многу лоша состојба, со големи наследени долгови и мали приходи и дотации, а за надминување на истата како и успешно спроведување на надлежностите и одговарање на потребите на граѓаните потребно е преземање на сериозни чекори и обезбедување поквалитетни услови.

Ги посочи последните измени на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и донесувањето на Закон за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и информираше за одржана средба на претседателството на ЗЕЛС и неколку членови од Управниот одбор со Претседателот на Владата на Република Македонија и Министерот за финансии. Посочи дека на оваа средба е упатена остра реакција за начинот на носење на клучни законски решенија, како и поради фактот што истите се донесени без претходна консултација со ЗЕЛС и во иднина такво постапување е неприфатливо. Истакна дека донесените мерки се погубни речиси за сите локални власти и дека развојната компонента која е задолжителна за составување на буџет не може да се оствари ако сопствените приходи на основниот буџет на општината треба да се планира со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција. Посочи дека во административната зграда на ЗЕЛС беа одржани обуки за вработените од општините од одделенијата за финансии, по оваа тема, но дека со тоа проблемите не се надминати и дека ЗЕЛС и понатаму ќе инсистира на наоѓање на други можности за соочување на овој голем предизвик. Исто така информираше дека на оваа средба, во однос на неповратните средства кои Владата на Република Македонија ги одвои за единиците на локалната самоуправа, е истакнато дека прикажаните бројки се нереални долгови, бидејќи во фазата на евидентирање на долговите е побарано да се прикажат само доспеаните обврски, при што не се прикажани и многу долгови од училиштата, од јавните претпријатија во рамките на општините и слично, а токму доделените неповратни средства се своевидна причина за воведените законски ограничувања во планирањето на буџетот. Посочи дека дополнителен предизвик претставуваат наметнатите услови за намирување на доверителите за основниот долг и каматите.
Истакна дека на овој потег на Владата на Република Македонија реагирале одредени општини бидејќи сметаат дека направената распределба на средствата е неправедна и дека на овој начин се казнети, од причина што редовно ги намирувале долговите, а за сметка на

тоа граѓаните биле лишени од одредени услуги и во ваква ситуација не можат да искористат дополнителни средства.

Понатаму, Претседателот на ЗЕЛС г. Петре Шилегов, истакна дека друг голем предизвик со кој сериозно треба да се соочат локалните власти наредната година, е катастрофалната состојба во која се наоѓаат територијалните противпожарни служби. Согласно направените анализи се покажува недостаток на кадри од околу 500 пожарникари, лоша состојба на расположливата опрема, како и несоодветна наменска дотација за спроведување на овие надлежности. Ставот е дека процесот на децентрализацијата не треба да се враќа назад, но за спроведување на овие надлежности потребно е сериозно и соодветно обезбедување на финансиски средства.

Во делот на образованието и финансиските проблеми со кои се соочуваат општините во оваа област, истакна дека како прашање е разгледувано од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС, остварена е средба со Министерот за образование и наука и успешно се обезбедени законски измени на Законот за превоз во патниот сообраќај, со кои ќе има одредени бенефити, односно ќе се спречи генерирање на нови долгови кои настануваат по постапките за јавни набавки преки кои се постигнуваат нереално високи цени.
Информираше дека забелешките од страна на централната власт се во насока на барања на рационализација на училишната мрежа, во однос на кадарот наспроти бројот на ученици кој се намалува и замоли сите да внимаваат по ова прашање и истото полека да се решава, бидејќи со тоа можат да се постигнат сериозни заштеди во оваа област.

Всушност од страна на централната власт има и други укажувања меѓу кои и собирањето на сопствените приходи, за што во иднина треба сериозна посветеност. Ова од причина што при барање на поголеми средства од централната власт се укажува токму на оваа обврска. Истакна дека е потребна комплетна евиденција на целиот имот на територијата на општините, бидејќи данокот на имот претставува еден од поважните извори на приходи за локалната власт. Посочи и дека на располагање постојат законски можности за зголемување на процентот од зафаќањето на данокот на имот, можности за воведување на одредени други такси и даноци, како комунални такси за јавна чистота и јавно зеленило, за што локалната самоуправа ќе мора сериозно да се посвети на воведување и на вакви подрастични мерки.

Понатаму, посочи дека претстојат многу прашања и предизвици за разгледување, пред се анализирање на начинот на функционирање на локалната власт и разгледување на реалните можности, способности, капацитети, и кадровски потенцијал за продолжување на процесот на децентрализацијата. Истакна дека можеби е потребно вршење на категоризација на општините, согласно капацитетите на истите за вршење на законските обврски.

Истакна дека како што беше случајот и на средба со централната власт која непосредно се одржа пред оваа седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, се водат преговори за обезбедување на адекватни блок дотации, зголемување на процентот од зафаќањето од ДДВ и од персоналниот данок, обезбедување повеќе средства за локалната власт од средствата што се добиваат од продажби и концесии на минерали, земјоделско земјиште и

слично, во согласност со усвоените Систематизирани ставови на ЗЕЛС, кои беа доставени до сите единици на локалната самоуправа, а потоа и до Владата на Република Македонија.

Исто така упати апел сите редовно да ја плаќаат членарината кон ЗЕЛС, оние кои имаат долгови да си го регулираат отплаќањето на долгот, бидејќи ЗЕЛС е институција која е важна за сите и потребно е адекватно однесување кон финансирањето, а начинот на трошење на средствата е секогаш транспарентен.

**ВТОРА ТОЧКА: Усвојување на Акционен план и Предлог Финансиски план на ЗЕЛС за 2019г;**

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ накратко ги презентираше предлог Планот за работа на ЗЕЛС (Акционен план) за 2019 година и предлог Финансискиот план на ЗЕЛС ( Буџет) за 2019 година и посочи дека истите се веќе разгледани и усвоени од страна на Надзорниот одбор и Управниот одбор на ЗЕЛС на нивните последни седници.

Во поглед на Акциониот план на ЗЕЛС за 2019 година посочи дека истиот е креиран во согласност со стратегиските цели на ЗЕЛС, се занова на лобирање и застапување, како основна и најважна активност, понатаму ги посочи услугите меѓу кои најглавни се е-услугите, услугите на ЗЕЛС тренинг центарот, кој во изминатата година постигна забележителни резултати, секојдневното информирање по електронски пат како и Гласилото на ЗЕЛС.

Во однос на Финансискиот план на ЗЕЛС за 2019 година, посочи дека висината на истиот изнесува 28.030.000,00 денари. Приходите се очекува да се остварат од наплаќање на заостанатиот долг на општините и редовно плаќање на членарината, од услугите кои ги нуди ЗЕЛС како изнајмување на простор, закуп на простор за огласување во Гласилото и интернет страната на ЗЕЛС. Што се однесува на расходите, посочи дека голем дел од средствата се потребни за одржување на електронските системи, за нивна целосна и непречена достапност, како и дека дел од средствата се планираат за набавка на нов автомобил на ЗЕЛС.

Предлог Планот за работа на ЗЕЛС (Акционен план) за 2019 година и предлог Финансискиот план за 2019 беа ставени на гласање и едногласно беа усвоени.

**ОДЛУКА:** Генералното Собрание на ЗЕЛС едногласно ги усвои Планот за работа на ЗЕЛС (Акционен план) за 2019 година и Финансискиот план на ЗЕЛС за 2019.

**Скопје, 14 декември, 2018 г.**

**Составил:**
**Стручна служба на ЗЕЛС**